Е - МАПАС
бр. 22

јули 2017 година

# *ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И ИНСТРУМЕНТИ*

**Финансиските пазари** претставуваат пазари на кои се среќаваат понудата и побарувачката за финансиски средства. Тие заземаат централно место во финансискиот систем и ја извршуваат најважната економска функција – зголемена економска ефикасност. Тие се јавуваат како механизам за оптимална алокација на финансиските средства, односно преку нив се врши урамнотежување на понудата на финансиски средства – штедењето, со побарувачката за финансиски средства – инвестициите.

Учесници на финансискиот пазар се субјектите коишто имаат вишок на слободни средства, субјектите коишто имаат потреба од финансиски средства како и субјекти кои се појавуваат како интермедиери - посредници.



Следете не и на:

http://www.facebook.com/MAPAS.MK

***„Тајната за напредок е почетокот“***
***Марк Твен***

***„Немој да зависиш од еден извор на приход, направи инвестиција за да создадеш втор извор“***
***Ворен Бафет***



Финансиските пазари ги привлекуваат средства од инвеститорите (индивидуите, компаниите, државата) кои имаат слободни финансиски средства или заштеди и ги канализираат до оние кои им се потребни тие средства (индивидуи, компании, државата) за определен надомест (камата, дивиденда и сл.) и со тоа им овозможуваат да ги финансираат своите проекти, операции и развој.

# Видови на финансиските пазари

Од аспект на предметот кој се тргува на пазарите и неговата рочност финансиските пазари се делат на ***пазари на пари*** **и** ***пазари на капитал*.**




## *Пазарот на пари*

Претставува организиран механизам со точно утврдени учесници, со нивни права и обврски, со дефиниран простор и време на функционирање и со регулирани услови за финансиските трансакции кои се вршат на овој пазар. Тој опфаќа промет на меѓубанкарски жирални пари и краткорочни хартии од вредност. Учесници на пазарот се овластени банки, специјализирана посредничка финансиска институција и централна банка. На пазарот на пари се тргува со краткорочни должнички инструменти – обврзници, записи, сертификати за депозити (со рок на достасување до една година) и им се овозможува на компаниите да позајмуваат средства на краток рок.

## *Пазарот на капитал*

Претставува институционално организиран простор на којшто во точно определено време и според прецизно утврдени правила се сретнуваат понудата и побарувачката на долгорочни финансиски средства и долгорочни финансиски инструменти. Тој е пазар на којшто се тргува со долгорочни должнички инструменти - обврзници (со рок на достасување над една година) и со сопственички инструменти- акции. Неговата примарна функција е да ги финансира долгорочните инвестиции на компаниите, односно добивање на долгорочни средства за поддршка на нивното ширење и раст, подобро управување со долгот на државата и општините и финансирање на нивните капитални проекти, како и во пласирање на заштедите на домаќинствата и соодветна заработка од тргување со соодветни финансиски инструменти на пазарот.

Пазарот на капитал, исто така може да се подели на :

**Примарен пазар** - на примарните пазари се формираат и издаваат нови хартии од вредност преку иницијална јавна понуда и служат за прибирање на свеж капитал и финансирање на компаниите од инвеститорите.

**Секундарен пазар** - на инвеститорите им овозможуваат да тргуваат (купуваат и продаваат) со веќе издадени хартии од вредност. Секундарен пазар на капитал ги опфаќа институциите и механизмите преку кои се врши прометот (купување и продавање) на еднаш веќе емитирани хартии од вредност. Секундарниот пазар на капитал се состои од два сегмента:

1.*организиран (службен) пазар на хартии од вредност* – ефектни берзи и

2.*неорганизиран (неслужбен) пазар на хартии од вредност* - пазар преку шалтер (over the counter market)



*Предметот односно инструментите преку кои се извршуваат трансакциите на финансиските пазари односно тргувањето се нарекуваат* ***хартии од вредност*** *односно* ***финансиски инструменти***

Финансиски инструменти преставуваат финансиско побарување за идниот приход или дел од имотот кој е предмет на сопственост на издавачот на хартијата. Тие можат да бидат во готовина (валута), како сопственички удел во даден ентитет (акција) со право на резидуално учество во идните добивки, или договорно должничко право со кое се ветува дека ќе се исплатат парични средства за определен период на време (обврзница). Финансиски инструменти може да се поделат според имотната класа, што зависи од тоа дали тие се должнички-базирани или врз база на сопственички удел – учество во капитал и добивка.

## ***Должнички хартии од вредност***




-Краткорочни должнички финансиски инструменти (достасуваат до една година) - државни (трезорски) записи, благајнички записи и комерцијални записи, сертификати за депозит.
-Долгорочни должнички финансиски инструменти (достасуваат над една година). Обврзници се должнички хартии од вредност и претставуваат договор со кој издавачот се обврзува дека на сопственикот на хартијата од вредност ќе му ја исплати номиналната вредност на која гласи инструментот. Должничката хартија од вредност вообичаено се издава на период подолг од една година со основна цел прибирање на парични средства (капитал) од кредитори (заемодавци).
Видови на обврзници - обврзници издадени од државата, обврзници издадени во странска валута (евро обврзници), корпоративни обврзници, општински обврзници.

## ***Сопственички хартии од вредност***



Акција претставува хартија од вредност со која се стекнува сопственичко право врз идеален дел од компанијата, пропорционално на големината на учеството на таа акција во вкупниот акционерски капитал и право на резидуален дел од добивката на истата преку исплата на дивиденда.
Видови на акции - обични и приоритетни акции.

Според тоа дали цената на финансискиот инструмент е пазарно определена или изведена може да се издвојат и таканаречени деривативни финансиски инструменти.

***Деривативни финансиски инструменти*** се финансиски инструменти чијашто вредност е определена од цената на чинење на нешто друго (познато како основен инструмент, underlying). Претставува финансиски договор чијашто вредност зависи од очекуваните идни движења на цените на средствата со кои истата е поврзана – како на пример акции или валути. Постојат повеќе видови на деривативи, од кои најзначајни се свопoвите, фјучерсите и опциите.

***Фјучерс*** е договор со обврска за продажба или купување на определена стока. Цената е утврдена во времето на склучување на договорот. Плаќањето на цената и испораката на стоката се врши на однапред определен иден датум.

***Опција*** е инструмент со кој купувачот се стекнува со правото од продавачот на опцијата да испорача или прима испорака на определена стока во определен временски период по однапред договорена цена (цена на извршување) за време на периодот или на точно определен датум (датум на извршување). Купувачот има право, но не и обврска да ја изврши опцијата. Со овие права се тргува независно од основните инструменти за кои се врзани.

## НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА



### *Што се случува со придонесот кој ми се одвојува за втор столб?*

Тие средства се уплатуваат на Вашата лична-индивидуална сметка во Вашиот задолжителен пензиски фонд, кои потоа се вложуваат во финансиски инструменти со цел зголемување на средствата кои се користат за пензија.

### *Во кои финансиски инструменти друштвото ги инвестира моиоте пари?*

Вашето друштво средствата ги инвестира најчесто во: депозити во банки, акции од домашни издавачи, обврзници од домашни издавачи, краткорочни хартии од домашни издавачи, акции од странски издавачи, инвестициски фондови од странски издавачи, итн.

### *Дали јас можам да одлучам каде да се инвестираат средствата од уплатениот придонес?*

Не, пензиското друштво е должно да управува со средствата на пензиските фондови што го вклучува и инвестирањето на средствата на пензискиот фонд.

## НАСТАНИ

### *Ден на финансиска едукација*

На 11.05.2017г. во Градскиот парк – Скопје, (Школка) се одржа настанот „Ден на финансиска едукација“ во која МАПАС зеде активно учество преку Координациското тело на регулаторни институции за финансиска едукација во Република Македонија. Настанот се одржа за прв пат во земјава и опфати учество на финансиските регулатори и финансиските институции (банки, приватни пензиски друштва, штедилници, инвестициски друштва, инвестициско-брокерски друштва, осигурителни компании и осигурително-брокерски друштва) преку споделување и презентирање на нивните финансиски едукативни материјали пред присутните на нивните едукативни штандови. Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата, д-р Булент Дервиши имаше свое обраќање преку кое присутните беа запознаени со заштедите од задолжително и доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.






### *Прес конференција*

На 17.06.2017 година во 12 часот во просториите на МАПАС, во присуство на новинари од медиумите, Претседателот на Советот на експерти на МАПАС, д-р Булент Дервиши одржа прес конференција на која накратко беше презентиран годишниот Извештај за состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување за 2016 година.

**Имате прашања или поплаки?**
**Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
TÜV NORD
TÜV NORD CERT GmbH
ISO/IEC 27001

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ (МАПАС)

Стив Наумов 100, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел: (02) 3224 229;3166 452
www.mapas.mk